Interreg - IPA CBC
Greece - Republic of North Macedonia
G.EM.S

*The project is co funded by the EuropeanUnion and national funds of the participating countries*

BAS
PROFESSIONAL STUDIES IN MANAGEMENT

# БИЗНИС ПЛАНИРАЊЕ | Назив на идеја: _Five star compost__ Име и презиме Тамара Томулевска

## Основни податоци за бизнисот:

Вид на бизнисот (малопродажба/угостителска/производство...):
Форма на бизнисот (онлајн/реален/социјално претприемаштво):
Дејност на бизнисот (производствена/услужна):

Оваа бизнис идеја е насочена кон производство. Преработка на остатоци и отпад од храна во хранлив компост и хумусна почва.
Претставува реален бизнис кој ќе ги опфати земјоделските граѓани.
Оваа идеаја се базира на зелената економија. Преработката на храна и нејзино сикористување повторно како потхранувач за почва, компост или за хумусна почва е главната цел.  Потребно е посебно одвојување на храната од домаќинствата во посебни корпи и нивно секојдневно собирање. Остатоците од храна се богати со минерали, витамини, хранливи материи, протеини, киселини, бактерии, мувли кои можат да помогнат за подобрување на хемискиот состав на почвата без користење на различни хемиски препарати кој можат да доведат до контаминација.
Храната исто така се разградува во почвата и прави добар хумус. За побрзо разградување ќе се користат инсекти како муви и различни бубачки, црви, полжави и т.н. Со ова ќе се добие хумусна почва која потоа може да се продава како  потхранувач во земјоделството.

## Понуда на вредност/и:

A // Каков **проблем**/**потреба** се обидуваме да им решиме или надминеме на клиентите?
B // Која или каква **вредност** му нудиме на нашиот клиент?
C // Што е тоа што го **издвојува вашиот бизнис од останатите**? (USP)

Со ова идеја мислам дека го решаваме проблемот најпво на земјоделците кој немаат добра, стабилно хемиски нустритивана почва за одгледување на нивните култури. Исто така го решаваме и проблемот со прекумерното фрлање на храна, мирисот на расипаната храна по улиците, дворовите...
Н аклиентот му мудиме богата, еколошки прифатлива опција за подобрување на неговите овошни, цветни, зеленчукови градини и големи земјоделски површини.
Бизнисот можам да кажам дека го издвојуваа тоа што од останата храна од човекот се добива нешто што ќе го збогати и зголеми земјоделското производство на храна, а исто така и органското производство. Фрлено од трпеза, преработено, искористено, повторно на трпеза.

## Сегмент на клиенти/корисници:

A // За **кого** креираме вредност?
B // Кој е нашиот најважен **клиент/корисник**?

Оваа идеја е клучна за земјоделците, дали тоа се одгледуваат овпштарници, зеленчукови градини, житни растенија и т.н. Исто така ги опфаќа можеби и најголем дел од луѓето што се занимаваат со хортикултура.

Возраст: Сметам дека до 20 па се до старост можи да се занимаваш со земјоделство и да го искористиш производот.
Пол: И женски и машки.
Приход: Не сметам дека се потребни големи приходи бидејќи се искористува нешто што е веќе користено.
Професија: Земјоделци.

| | |
|---|---|
| Образование | Средно и високо образование. |
| Локација | Пелагонискиот регион, најчесто руралните села во околината на Битола и Прилеп, а исто така и земјоделците од Преспанскиот регион. |
| Хоби | Хоби – потребно е само љубов кон работата, лубов кон растенијата, водење грижа за околината. |